Ovo je pregled DELA TEKSTA rada na temu "Revizorski dokaz (Makedonski)". Rad ima 12 strana. Ovde je prikazano oko 500 reči izdvojenih iz rada.

Napomena: Rad koji dobjate na e-mail ne izgleda ovako, ovo je samo DEO TEKSTA izvučen iz rada, da bi se video stil pisanja. Radovi koje dobijate na e-mail su uređeni (formatirani) po svim standardima. U tekstu ispod su namerno izostavljeni pojedini segmenti.

Ako tekst koji se nalazi ispod nije čitljiv (sadrži kukice, znakove pitanja ili nečitljive karaktere), molimo Vas, prijavite to ovde.

Uputstvo o načinu preuzimanja rada možete pročitati ovde.

ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ

ПРЕДМЕТ: РЕВИЗИЈА

ТЕМА:*РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗ*

ИЗРАБОТИЛ МЕНТОР

НИКОЛА СТЕРЈОВ ПРОФ. Д-Р ПАВЛИНА СТОЈАНОВА

Кратка содржина:

Вовед........................................................................................................................3

Содржина...............................................................................................................4

Одлуки во ревизорските докази.....................................................................4

Убедливост на доказот.....................................................................................5

Видови на ревизорски доказ...........................................................................8

Заклучок...............................................................................................................13

Вовед

Ревизорскиот доказ се дефинира како секоја информација искористена од страна на ревизорот за да утврди дали информација која е предмет на ревизија е во согласност со поставените критериуми. Информацијата варира по важност до тој степен што може да го убеди ревизорот дали финансиските извештаи се во согласност со генерално прифатените сметководствени принципи. Доказот вклучува информација која е многу убедлива, како и информација која е помалку убедлива.

Содржина

Одлуки во ревизорските докази

Многу важна одлука со која се соочува секој ревизор е утврдувањето на прикладните типови и износи на доказ потребни за задоволување дека компонентите на финансиските извештаи на клиентот и севкупните извештаи се се правилно составени, и дека клиентот одржувал ефективна интерна контрола за време на ревизијата.

Постојат четири одлуки за тоа каков доказ треба да се прибира и колку да се акумулира:

Кои ревизорски процедури да ги употреби

Која големина на примерок да ја употреби за одредена процедура

Кои ставки да ги избери од популацијата

Кога да ги изврши процедурите

Ревизорската процедура е детална инструкција која објаснува ревизорскиот доказ да биде прибиран за време на ревизијата.

Кога ревизорската процедура е избрана, ревизорите можат да ја менуваат големината, од еден до сите ставки во популацијата кои се тестираат. Одлуката за тоа колку ставкии ќе бидат тестирани мора да биде донесена од страна на ревизорот. Големината на примерокот за која било процедура варираат посебно за секоја ревизија.

Откако ќе се детерминира големината на примерокот за ревизорската процедура, ревизорот мора да одлучи кои ставки во популацијата ќе бидат тестирани.

Ревизијата на финансиските извештаи обично покрива период од една година. Обично, ревизијата не е комплетирана неколку недели или месеци по завршувањето на периодот. Оттаму, тајмингот на ревизорските процедури може да варира, од рано во ревизорскиот периодот, до долго откако завршил периодот. Одлуката за тајмингот зависи од тоа кога клиентот сака ревизијата да биде комплетирана. Меѓутоа, тајмингот исто така зависи и од тоа кога ревизорот верува дека ревизорскиот доказ ке биде најефективен и кога ревизорскиот персонал е слободен.

Ревизорските процедури често вклучуваат големина на примерок, ставки за селекција и тајминг во процедурата. Тоа што следува е модификација на ревизорската процедура претходно употребена да ги вклучи сите четири ревизорски одлуки.

...


--------------------OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU.---------------------

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:

maturskiradovi.net@gmail.com